АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-133/15
19.04.2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 18 став 1 алинеа 11 од Законот за филмската дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2013, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16 и 58/16), Директорот на Агенцијата за филм на Република Македонија на ден 14.03.2018 донесе:

# ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА ВНАТРЕШНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој акт се прават измени и дополнувања во Правилникот за внатрешна организација на Агенција за филм на Република Македонија бр.01-133/6 од 28.02.2018.

### Член 2

Се прави измена во член 6 точка 2 каде по зборот „општи“ се додава зборот „и правни“ се брише зборот „административни“.

### Член 3

Член 6 се дополнува со нова точка 5 која гласи:

„5. Сектор за развој на филмската дејност
- Одделение за развој на филмската дејност
- Одделение за следење и развој на фискалната политика во областа на филмската дејност“.

### Член 4

Се прави измена во член 9 каде во точка III.2.2 во насловот по зборот „општи“ се додава зборот „и правни“ се брише зборот „административни“.

По член 11 се додаваат нови три члена кои гласат:

### „Член 12

**5. Сектор за развој на филмската дејност**

Секторот за развој на филмската дејност ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следните функции на Агенцијата:

- Прави анализа, подготвува предлог план за делот од законот кој се однесува на спроведување и унапредување на правото на поврат на средства
- Прави компаративна анализа во однос на другите земји кои го спроведуваат делот од регулативата која се однесува на привлекување на странски инвеститори во филмската дејност
- учествува во изработка на предлог стратегија и акциски план за развој на Агенцијата
- подготвка на план за истражување и подготовка на информации потребни за привлекување на странски партнери во филмската дејност во Македонија како дестинација за снимање на филмови,
- Врши аналитички и други работи што се однесуваат на спроведување на процесот на приближување на Република Македонија кон ЕУ и пристапување кон истата.

### 5.2.Одделение за развој на филмската дејност

**Член 13**

Одделението за развој на филмската дејност ги врши работите и задачите што се однесуваат на начинот, постапките за и остварувањето на останати обврски на Агенцијата поврзани со Законот за јавни набавки:

- изработува информации, анализи, извештаи, осврти и други материјали кои ќе придонесат за развој и унапредување на филмската дејност во Република Македонија
- го спроведува планот за истражување и подготовува инфомрации потребни за привлекување на странски партнери во филмската дејност во Македонија како дестинација за снимање на филмови,
- учествува во изработка на акциски план и стратегија за развој на филсмакта дејност
- привлекување на странски партнери во филмската дејност
- врши истражување и подготовка на информации потребни за изработка на нацрт - стратегија
- врши истражување и дава предлози по однос на привлекување на странски вложувачи при реализација на филмски односно ТВ проекти

### 5.3.Одделение за следење и развој на фискалната политика во областа нафилмската дејност

**Член 14**

Одделението за следење и развој на фискалната политика во областа на филмската дејност ги врши следните работи:

- Подготвува извештаи и други материјали кои се однесуваат на поттикнување на вложување средства во филмски односно телевизиски

проекти
- Врши компарација со другите европски регулативи кои во нивните прописи го имаат имплементирано правото на поврат на средства
- Дава предлози за усогласување на домашната регулатива со европската со цел нејзино надоградување и поефикасно спроведување на мерката право на поврат
- Изработува информации, анализи, извештаи, осврти и други материјали кои ќе придонесат за развој и унапредување на филмската дејност во Република Македонија".

**Член 5**

Членовите 12 и 13 стануваат членови 15 и 16

**Член 6**

Измените и дополнувањата на Правилникот влегуваат во сила со денот на добивање на согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и истиот ќе биде објавен на огласна табла на Агенцијата за администрација.

Директор,

Бр. 01-133/15
19.04. 2018 година

Горјан Тозија

АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ